Предлог

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 25 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,03/09,18/10,15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 64-та седница одржана на ден _.05.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на член во**
**Комисијата за заштита на правата на децата**

1. Со ова Решение се констатира престанок на мандатот на Менка Андреева, член во Комисијата за заштита на правата на децата.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување,а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Советот на Општина Велес на 63-та седница одржана на ден 22.04.2025 година донесе Решение за престанок на мандат на член на Советот со архивски бр. 25-2397/2 од 22.04.2025 година, со кое на членот на Советот на Општина Велес, Менка Андреева и престанува мандатот како член на Советот на Општина Велес, поради преземање на функција која е неспојлива со вршењето на функцијата член на Советот на Општина Велес.

Со допис со архивски бр. 25-1936/1 од 25.03. 2025 година членот на Советот Менка Андреева го извести Советот дека од страна на Владата на Република Северна Македонија е именувана за директор на Инспекторатот за употреба на македонскиот стандарден јазик.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.